Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 434/0306
14.10 2016 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 7 октомври 2019 година, врз основа на примена жалба од Хелсиншки комитет за човекови права, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## ЖАЛБАТА СЕ ОТФРЛА КАКО НЕОСНОВАНА

**Интернет – порталот Експрес со текстот насловен „Министерството за финансии го доби најлибералниот кабинет во историјата (фото)", не ги прекршил професионалните и етички стандарди**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 16 септември 2019 година, граѓанското здружение „Хелсиншки комитет за човекови права" поднесе жалба за текстот со наслов „Министерството за финансии го доби најлибералниот кабинет во историјата (фото)", објавен на 15 септември 2019 година, на интернет – порталот Експрес (www.expres.mk).

Во жалбата се наведува дека текстот содржи дискриминација, нарушување на приватноста, нерамноправност на половинате и непочитување на личната приватност.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет – порталот „Експрес" и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Медиумот не одговори на наводите на жалителот.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **НЕОСНОВАНА** и дека нема прекршување на Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 7 октомври 2019 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина.

Комисијата, најнапред, заклучи дека се работи текст кој произлегува од јавниот интерес и обработува тема поврзана со назначувањето на нова советничка во Кабинетот на министерката за финансии, Нина Ангеловска. Медиумот, несомнено, одлучил да го следи големиот интерес на јавноста покренат од приватните фотографии на советничката Ана Марија Макеска, кои предизвикуваа низа контроверзи и најразлични коментари на социјалните мрежи. Комисијата се согласи дека интернет – порталот се воздржал и не се впуштил во сензационализам, туку се осврнал на информацијата од сопствен и професионален агол.

Текстот е целосно коректен и етички. Насловот го синтетизира вредносниот суд на новинарот, а содржината на веста обезбедува објективна информација и согледување повеќе значајни аспекти на темата за која се говори.

Објавена е приватна фотографија на советничката Макеска од страна на интернет – порталот „Експрес". Се работи за носител на јавна функција, па оттука, објавувањето

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

приватни фотографии е дозволено, зашто, во случајов, правото на јавноста да биде информирана, надвладеало над правото да се заштити приватноста на личноста.

Авторот на текстот пренесува повеќе цитати од изјавата на министерката Ангеловска, која содржи информации за сите новоназначени членови на нејзиниот кабинет. Затоа, Комисијата констатира дека текстот е етички и професионален и не го прекршил Кодексот на новинарите на Македонија. Ова уште повеќе ако се земе предвид дека носителите на јавни функции можат и треба да подлежат на построга јавна критика отколку приватните лица за начинот на кој ги вршат или ги вршеле нивните функции. За разлика од приватните лица, јавните лица неизбежно и свесно се изложуваат на остро испитување на секој нивни збор и дело, како од страна на новинарите, така и од страна на пошироката јавност и, според тоа, мора да покажат поголем степен на толеранција.

Според горенаведеното, Комисијата заклучи дека оспорената содржина е од јавен интерес, а дека министерката Ангеловска и советничката Макеска биле легитимна новинарска цел. Во текстот на интернет – порталот „Експрес“, Комисијата не најде елементи на дискриминација, нарушување на приватноста и нерамноправност на половите.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска и Ердем Ахмет.

**Се обврзува интернет – порталот Експрес (www.expres.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595